Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24 ), член 40, став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 32/20, 111/23, 171/24 , 224/24 и 40/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 62-та седница одржана на ден__.03.2025 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за дополнување на Програма**
**за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година**

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2025 година (“Службен гласник на Општина Велес” бр.19/22 и бр.03/23), се врши дополнување и тоа:

1. Во глава II –„Планирање”, во точка 3 „Планирани за изработка” од Програмата на активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во табелата по ред бр. 49 се додава ред. бр.50 и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| 50 | Измена и дополна на ГУП за дел од УЕ1, УБ 2, УБ 7 и УБ 9 и ДУП за дел од УБ 9- помеѓу ул.„АСНОМ“ (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевскии “ и ул. „ Новопланирана улица 1“ како обединета постапка | Приватна иницијатива |

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **1** | Измена и дополна на ГУП за дел од УЕ1, УБ 2, УБ 7 и УБ 9<br>и ДУП за дел од УБ 9- помеѓу ул.„АСНОМ“ (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевскии “ и ул. „ Новопланирана ул<br><br><br>ица 1“ |

| | |
|---|---|
| | За предметниот плански опфат, за кој постои изработен ГУП и ДУП, инвеститорот има потреба за изработка на Измена и дополнување на ГУП и изработка на ДУП за да се усогласат параметрите за градежните парцели 9.7 и 9.10 со важечката регулатива – Закон за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24 и 224/24) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).<br>Со изработката на оваа Измена и дополнување на ГУП и изработка на ДУП ќе се усогласат основните и компатибилните класи на намени со потребите на инвеститорот, важечкиот ГУП и важечките Закон и Правилник за урбанистичко планирање.<br>Инвеститорот во целост ќе ја финансира изработката на Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 2, УБ 7 и УБ 9 и изработка на ДУП за дел од УБ 9, плански опфат помеѓу ул. „АСНОМ“, ул. Алексо Демниев и Новопланирана улица „1“, Општина Велес, во обединета постапка. |